**20150331006**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 март 2015 година.

Бр. 08-1110/1
2 март 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 10620/08, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13 и 113/14), во членот 23 став (1) алинејата 5) се менува и гласи:

„- паричен износ на основната нето плата или паричен износ од најнизок до највисок износ на нето платата за работното место за кое се бара работник;”

Член 2

Во член 117 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени. Прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.”

Член 3

Во членот 141 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.”



www.pravdiko.mk

Член 4

Во членот 144 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Работникот има право два дена од годишниот одмор да ги искористи во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот најдоцна три работни дена пред користењето.”

Член 5

Во членот 170 пред зборот „Работникот“се додава бројот „(1)“. По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Работникот на кој му престанал договорот за вработување на определено време поради истек на договорот и користи надоместок на плата за време на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, продолжува да го користи правото до истекот на отсуството на товар на органот надлежен за спроведување на задолжителното здравствено осигурување. ”

Член 6

Во членот 259 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Покана за плаќање на глоба од став (1), решение од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член и барање за поведување на прекршочна постапка од ставовите (2), (3) и (4) на овој член ќе издадат, ќе донесат, односно ќе поднесат согласно закон и пазарниот инспектор, санитарниот и здравствениот инспектор и инспекторот за техничка инспекција, секој во однос на одредбите од овој закон за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон."

Во ставот (5) кој станува став (6), зборовите: „(2), (3) и (4)“ се заменуваат со зборовите: „ (2), (3), (4) и (5)“.

Во ставот (6) кој станува став (7) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „доколку одговорното лице во правното лице или од него овластено лице достави доказ за уплатената сума за замена за забрана за работа до овластениот инспектор согласно овој закон.”

Член 7

По членот 259 се додава нов член 259-а, кој гласи:

„Член 259-а

(1) Органите на државната управа надлежни за работите на инспекциски надзор се должни да соработуваат и разменуваат податоци за забрана за вршење на работи на работодавачот.

(2) Инспекцискиот совет ги координира работите на инспекциските служби за постапување по одредбите од член 259 од овој закон.”

Член 8

По членот 261 се додава нов член 261-а кој гласи:

„Член 261-а

Пазарниот инспектор, санитарниот и здравствениот инспектор и инспекторот за техничка инспекција, ако констатираат дека работодавачот постапил спротивно на член 13 ставовите (1), (2), (3) и (7) од овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.“

Член 9

Во член 263 ставот (1) се менува и гласи:



www.pravdiko.mk

„(1) Против решението на овластениот инспектор надлежен за вршење на инспекциски надзор над примената на одредбите на овој закон, донесено врз основ на членовите 258, 259 и 262 на овој закон може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.”

Член 10

Во членот 266-а во ставот (1) зборовите: „264 и 265” се заменуваат со зборовите: „264, 264-а, 265 и 265-а”.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За прекршоците утврдени во членовите 264 став (1) точка 1), став (2) и став (3) од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочниот орган во органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, здравството и техничките работи."

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 11

Во членот 266-в ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Инспекторот од член 261 на овој закон за прекршоците од членовите 264, 264-а, 265 и 265-а од овој закон, а инспекторот од член 261-а од овој закон, за прекршокот утврден во членот 264 став (1) точка 1), став (2) и став (3) од овој закон, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка должен е на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно овој закон, друг закон и Законот за прекршоци.”

Во ставовите (2), (3) и (6), зборовите: „државниот инспектор за труд“ се заменуваат со зборовите: „инспекторот од членовите 261 и 261-а од овој закон“.

Член 12

Се овластува Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а одредбите од членот 5 од овој закон кои ќе отпочнат да се применуваат од 15 март 2015 година.



www.pravdiko.mk